**Година 2004, март, број 26**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ ЗА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ НА МФС

На 26 и 27.03.2004 МФ ќе ги отвори вратите за идните студенти да можат лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди факултетот.

Сите институти, оделот и другите организациони единици треба да направат се за да се претставаат во што е можно подобро светло.



## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МФС ПО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Деновиве четири групи наставници и соработници од МФС вршат презентација на понудата на факултетот за студирање по средните училишта во Скопје. Одзивот на заинтересираните средношколци е на завидно ниво.

Самата презентација е подготвена со соодветна програма и се изведува со современи технички помагала.

На крајот од презентацијата средношколците се повикуваат да присуствуваат на отворените денови на МФС каде што ќе им бидат поделени гратиси за забава. Забавата е во организација на МФС, а ќе се одржи на 30 март во дискотеката "Колосеум".

## НОВИ НАСТАВНИ ПЛАНОВИ

Вчера (среда, 24.03.2004) Комисијата за настава на Универзитетот го прифати елаборатот за усогласување на студиите и наставниот процес на Машинскиот факултет - Скопје со Бољонската декларација и европскиот кредит трансфер систем. До конечното усвојување во рамките на Универзитетот останува усвојување на елаборатот од страна на Ректорската управа која треба да се состане до крајот на март 2004.

## ТРКАЛЕЗНА МАСА ЗА БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС

На ден 25.03.2004 во организација на Советот на Европа и Министерството за образование и наука во Ректоратот ќе се одржи тркалезна маса на тема "Македонија во Болоњскиот процес". На неа ќе учествуваат преставници од универзитетите во Македонија и г-дин Сјур Берган, раководител на Оделот за високо образование и историја при Советот на Европа, Стразбур, Франција. На тркалезната маса ќе има и преставници од нашиот факултет.

## НОВОСТИ ОД СМЕТАЧКИОТ ЦЕНТАР

Сметачкиот Центар во соработка со техничките лица од интернет провајдерот МОЛ за сите вработени овозможи модемски пристап до меил серверот. Со тоа секој вработен се стекнува со можност да ја чита својата електронска пошта и од дома. Поврзувањето со Сметачкиот Центар ќе биде преку телефонскиот број 3099-299. Детали околу подесувањето во Сметачкиот Центар.

## ЕСТИЕМ АКТИВНОСТИ

Група од 16 студенти од насоката Индустриско инженерство и менаџмент оствария студентска посета на Јилдиз Универзитетот во Истанбул.

## ДААД СТИПЕНДИИ

ДААД нуди стипендиска програма за студиската 2004/2005 година за истражувачки проекти и за работни престои за научници, универзитетски професори и наставници. Аплицирањето е до 15.04.2004. Дополнителни информации во германската амбасада и на веб страната: www.daad.de

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Тодор Аџиев и асс. д-р Ѓорѓи Аџиев, на ден 22.02.2003 година, реализираа службено патување во Бугарија со цел продолжување на активностите за соработка со колегите од Машинскиот Факултет во Софија.
2. Проф. д-р Марко Серафимов оствари службено патување во Италија во период од 1.03 до 6.03.2004 година со цел посета на саемот за греење и климатизација.
3. Проф. д-р Томислав Златановски, во својство на визитинг професор, од 22.02 до 10.03.2004 одржа предавања по предметот механика на флидии, на Факултетот за инженерски студии и индустриски менаџмент при Техничкиот универзитет во Софија., Бугарија.
4. Проф. д-р Јован Гочев и доц. д-р Валентино Стојковски оствария службено патување во Кина од 9.03 до 19.03.2004. Патувањето е реализирано со цел нивно присуство на приемот на опремата за потребите на ХЕЦ Козјак.
5. Проф. д-р Милан Ќосевски, од 12.03 до 16.03.2004 реализира службено патување во Малта, со цел негово присуство на состанокот на конзорциумот на Универзитети од Медитеранот и Источна Европа во рамки на проектот ATELIER - " I MEDITERRANEI" SOUTH/EAST DIALOGUE (SOCRATES-ERASMUS)
6. Проф. д-р Ристо Цицонков од 16.03. до 7.04.2004, во својство на консултант на УНЕП (United Nations Envirnement Programme) во спроведување на проекти поврзани со заштита на озонската обвивка, во период од 16.03 до 7.04.2004, престојува во Франција, Туркменистан, Узбекистан, Таџикистан, Казакстан и Азербеџан.
7. Проф. д-р Делчо Јованоски, во својство на визитинг професор, одржа предавања на последипломски студии од областа на менаџментот на квалитетот,

на германски јазик,  на Факултетот за  германско инженерство при Техничкиот универзитет во Софија, Бугарија. Патувањето во Бугарија беше релизирано  во период од 21.03 до 26.03.2004.

8. Проф. д-р Драги Данев и проф.д-р Милан Ќосевски во период од 18.03 до 21.03.2004 година, оствариjа службено патување во Словенија и Германија со цел посета на Машинскиот Факултет во Љубљана и TUF во Минхен.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25.03.2004**
**38 СЕДНИЦА НА  ННС**

**26 и 27.03.2004**
**ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА МФС**

**29.04.2004**
**39 СЕДНИЦА НА  ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*